РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-7332/6
07-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 84- та седница, прво продолжение, одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната

О д л у к а

Постапката по предметот бр. 09-7332/1 од 26.07.2022 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето _____, поранешен Генерален директор на А.Д._____, **СЕ ЗАПИРА.**

По обезбедени податоци, ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-7332/1 од 26.07.2022 година е оформен по сопствена иницијатива против лицето _____, поранешен Генерален директор на А.Д._____, со наводи дека во А.Д._____ го вработил _____, негово блиско лице.

Со цел утврдување на фактичката состојба, како и потврдување на вистинитоста на наводите, ДКСК се обрати до лицето _____ со барање за да се достави изјава заверена на нотар, во однос на тоа, дали лицето _____ е негово блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*„Под поимот **„блиски лица"** се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."*

Во законски предвидениот рок, лицето _____ поранешен Генерален директот на А.Д._____ достави Изјава заверена на нотар во која наведува дека лицето _____ вработен во А.Д._____ не му е блиско лице согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија на седницата одржана на ден 31.03.2023 година одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Катица Николовска

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: Б.Ц, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk